NPC
Network of Parliamentary Committees on Economy Finance and European integration of Western Balkans

WESTMINSTER FOUNDATION FOR DEMOCRACY

# Билатерална средба меѓу Комисиите за буџет, финансии и европска интеграција од Народното Собрание на Република Српска и Парламентот на Црна Гора

## 18-19 јуни 2015 година, Требиње, Босна и Херцеговина

- Да се интензивира соработката меѓу законодавните и извршните структури, како и собраниските комисии за економија, финансии и европска интеграција на Народното собрание на Република Српска и Парламентот на Црна Гора;

- Да се обезбеди размена на искуства, како на државно, така и на локално ниво кога станува збор за искористувањето на средствата од европските фондови;

- Да се обезбеди континуирано следење на проектите кои се финансираат со средства од фондовите на ЕУ, а кои се однесуваат на сообраќајна инфраструкура и енергетика. Во тој контекст, потенцирана е потребата за итна реконструкција на магистралниот пат Сараево – Подгорица, односно проблематичната делница Фоча – Шчепан Поље, чијашто динамика на градење индиректно зависи и од конечното дефинирање на статусот на проектот Бук-Бјела и чијашто изградба делува и на наведениот магистрален правец;

- Да се иницира состанок на раководителите на локалните самоуправи кои се наоѓаат на административните граници на Република Српска / Босна и Херцеговина и Црна Гора со цел да се обезбеди поефикасна прекугранична соработка. Предложено е на состанокот кој би се одржал во Црна Гора, покрај раководителите на локалните самоуправи, да присуствуваат пратеници од парламентите на Црна Гора и Република Српска, претставници на владите, како и на делегациите на ЕУ во Босна и Херцеговина и во Црна Гора.